# ПОВРАТНИЦА

П1 бр. 15/11

Ев. 1

Предмет на пратката (назив на актот што се доставува) Пресуда од 26.04.11

Број на прилозите 1

Предадено на пошта во Ресен

На адреса Неат Арслановски

Во Ресен

(Жиг на поштата)

ДО

ОСНОВЕН СУД
РЕСЕН

---

Inconnu / Непознат

Refusé / Одбиен

Parti sans laisser d'adresse / Преселен

Non réclamé / Неподигнат

Adresse insuffisante / Непотполна адреса

Décédé / Умрен

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

Бр. 15/11

........................................ 200.....

ПОШТАРИНА ПЛАТЕНА КАЈ
ПОШТА 7310

RESEN 21.05.11-12 7310

ЛИЧНО НА РАКА

ОСНОВЕН СУД - РЕСЕН
ПРИМЕНО 23.05.11 199 год.

RESEN 20.05.11-13 7310

Да се истакне на огласна табла

ОТПАТУВАЛ

Истакната на огласна табла 06.07.11

R RR019665373MK

ДО

Неат Арслановски

~~ул. „С. Арсов" 37~~

~~Ресен~~

Ретик 7310 Ресен

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВНИОТ СУД ВО РЕСЕН, како првостепен парничен суд, составен од судијата Царева Проевска, како судија поединец, во правната работа по тужбата на тужителот Национално биро за осигурување- Скопје, против тужениот Неат Арслановски од Ресен, за регресен долг, вредност 64.202,оо ден., по одржаната јавна и главна расправа, на ден 26.04.2011 год., во присуство на полномошникот на тужителот, Билјана Поповска-Талевска, со заменичко полномошно од адв.Васко талевски од Битола, а во отсуство на тужениот, редно викан, ја донесе следната:

П Р Е С У Д А

СЕ УСВОЈУВА тужбеното барање на тужителот.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот Неат Арслановски од Ресен да му плати на тужителот Национално биро за осигурување-Скопје на име регрес износ од 64.202,оо ден., со законска затезна камата, сметано од 06.11.2008 год. до 31.01.2010 год., а од 01.02.2010 год. со законска казнена камата во висина на референтната стапка на Народна банка на РМ, што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за осум процентни поени, до исплатата, сето тоа во рок од 15 дена од приемот на пресудата.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот на тужителот да му ги надомести парничните трошоци во вкупен износ од 13.971,оо ден., во рок од 15 дена од приемот на пресудата.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Тужителот во тужбата и на расправата, неговиот полномошникот изнесе дека на ден 01.10.2008 год.во Ресен за случила сообраќајна незгода во која учествувале тужениот, кој управувал ПМВ застава 750, со рег бр.БТ-104-АФ, нерегистрирано, со што му предизвикал штета на ПМВ Тојота Јарис со рег.бр.СК-837-РБ, сопственост на Делфино Травел Сашо ДООЕЛ Скопје.Оштетениот до тужителот, односно неговата членка Евролинк Осигурување АД Скопје, поднесол барање за надомест на штета и по извршената проценка и спроведената постапка исплатен му бил износ од 64.202,оо ден., а по основ осигурување на штети причинети на трети лица со неосигурано возило.Од тужителот на тужениот му било понудено вонсудско решавање на штетата но истиот ништо не превзел.Осигурителната компанија што ја исплатила штетата имала право како регресно побарување износот да го наплатела од тужителот.Тужителот согласно Законот за задолжително осигурување на моторни возила имал право износот да го наплати од причинителот на штетата.

Во завршен збор полномошникот на тужителот предложи да се уважи тужбеното барање. Побара трошоци во износ од 13.971,оо ден.

Судот ја одржа и заврши расправата во отсуство на туженият, редно викан, согласно чл.280 од ЗПП.

На расправата судот ги изведе предложениоте докази со читање на записник за увид на лице место бр.23.15.1/1914 од 22.10.2008 год., пријава за штета од автоодговорност од 29.10.2008 год., записник за процена на штета на моторни возила од 01.10.2008 год., пресметка по ликвидација од 30.10.2008 год., налог за исплата од 06.11.2008 год., опомени пред утужување од 19.11.2008 год., од 23.03.2009 год. и од 13.08.2009 год., пријава на штета по основ на неосигурено возило од 28.10.2008 год.и барање рефундација на исплатен износ од 19.11.2008 год., па на основа овие сите овие докази, ценети сите заедно и секој посебно, во смисла на чл.8 од ЗПП, ја утврди следната фактичка положба:

На ден 01.10.2008 год., во Ресен, за случила сообраќајна незгода во која учествувале туженият, кој управувал ПМВ застава 750, со рег бр.БТ-104-АФ, нерегистрирано, со што му предизвикал штета на ПМВ Тојота Јарис со рег.бр.СК-837-РБ, сопственост на Делфино Травел Сашо ДООЕЛ Скопје.Оштетениот до тужителот, односно неговата членка Еуролинк Осигурување АД Скопје, поднесол барање за надомест на штета и по извршената проценка и спроведената постапка исплатен му бил износ од 64.202,оо ден., а по основ осигурување на штети причинети на трети лица со неосигурано возило.Од тужителот на туженият му било понудено вонсудско решавање на штетата но истиот ништо не превзел.Испратени му биле и три опомени пред утужување но и покрај тоа ништо не превзел.Осигурителната компанија што ја исплатила штетата имала право како регресно побарување износот да го наплатела од тужителот.Тужителот согласно Законот за задолжително осигурување на моторни возила имал право износот да го наплати од причинителот на штетата.

Предната положба судот ја утврди на основа изведените докази.

На основа вака утврдената положба судот најде дека тужбеното барање на тужителот е основано

Имено, неспорно е дека на ден 01.10.2008 год. во Ресен, се случила сообраќајна незгода во која учествувале туженият, кој управувал ПМВ застава 750, со рег бр.БТ-104-АФ и ПМВ Тојота Јарис со рег.бр.СК-837-РБ, сопственост на Делфино Травел Сашо ДООЕЛ Скопје.Исто така неспорно е што се утврди од записникот за извршен увид на местото на настанот под бр.23.15.1/1914 од 22.10.2008 год., од кој е видно дека туженият возилото го управувал нерегистрирано односно истото било регистрирано до 05.09.2006 год.Исто така неспорно се утврди дека од незгодата врз двете возила причинета била материјална штета.Откако оштетениот до тужителот поднесол барање за надомест на причинетата материјална штета од страна на тужителот исплатен му бил износ од 64.202,оо ден., а по основ осигурување на штети причинети на трети лица со неосигурено возило.

Согласно чл.141 од ЗОО кој што со вина ќе му причини штета на друг, должен е да ја надомести а и согласно Законот за задолжително осигурување на моторни возила, каков што е и конкретниов случај.

Зара сето погоре изнесено судот одлучи како во изреката на оваа пресуда.

Согласно чл.148 ст.1 од ЗПП, судот го задолжи туженият на тужителот да му ги надомести парничните трошоци во вкупен износ од 13.971,оо ден., од кои 2.000,оо ден., за такса по тужбата, 2.000,оо ден. за такса по одлуката, 3.250,оо ден.за состав на тужба, 1.300,оо ден.за состав

на полномошно, 3.900,оо ден.за едно застапување од страна на полномошникот на тужителот, и ДДВ од 18% на сдвокатските трошоци во износ од 1.521,оо ден. сето тоа определено согласно Законот за судски такси, Адвокатската тарифа и вредноста на спорот.

С у д и ј а,
Царева Проевска, ср.

ПОУКА: Дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот, преку овој суд до Апелационит суд во Битола
Д-НА: На полномошникот на тужителот и тужениот.

ЛР/ЖЛ

ОСНОВЕН СУД РМ III РЕСЕН
Верно со оргиналот потврдува
Судски службеник